Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 2778/1** **Градоначалник**
**29.12.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16,127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број. 275/19, 14/20, 112/20, 215/21 и 99/22) и член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002) а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Македонска Каменица (,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019 и 38/20) Советот на општина Македонска Каменица на 34та седница на Совет одржана на ден 29.12.2023 година донесе:

**Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на**

**административните службеници за 2024 година**

**Член 1**

Со одлуката се утврдува вредноста на бодот за платите на административните службеници во општина Македонска Каменица за 2024 година.

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2024 година во општина Македонска Каменица изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“ а ќе се применува со исплатата на плата за јануари 2024 година.

**Број 08-2779/1** **Совет на општина М.Каменица**
**29.12.2023 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 88 од Законот за административните службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на административните службеници на предлог на Градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на административните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници која ја донесува Советот, а ја предлага Градоначалникот на општината.

Со оглед на наведеното, Градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.